ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА





С Т А Т У Т

(Пречистен текст)

29 Јуни 2021 година

Врз основа на членовите 5, 18, 23, 76 и 104 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РСМ бр., 53/10, 135/11 и 55/16), член 14, 15 и 22 став 1 алинеа 1 од Законот за спорт (Службен весник на РСМ бр. 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 106/16, 190/16, 98/19 и 244/19), како и член 18 алинеа 4 од Статутот на Федерацијата за училишен спорт на Македонија и согласно Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Федерацијата, Собранието на Федерацијата на седницата одржана на 29.Јуни.2021 година, го донесе следниот:

С Т А Т У Т
На Федерацијата на училишен спорт на Македонија

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Федерацијата на училишен спорт на Македонија (во натамошниот текст на Статутот: Федерацијата) е асоцијација на регионалните и општинските сојузи на училишен спорт на територијата на Република Северна Македонија заради остварување на заедничките цели и задачи во областа на училишниот спорт основана на неопределно време.

Во Федерацијата се остварува и јавниот интерес од областа на училишниот спорт на Републиката, општините и градот Скопје.

Член 2

Во Федерацијата се здружуваат Сојузите на училишен спорт на Источен, Западен и Скопски регион, како и општинските сојузи кои се членки на Регионалните сојузи, кои делуваат на остварување на целите и задачите во областа на училишниот спорт, од интерес на регионите и општините на територијата на Република Северна Македонија, кои ги прифаќаат принципите и целите за здружување, утврдени со овој Статут.

Член 3

Седиштето на Федерацијата е во Скопје, Градски парк, Кошаркарската сала Работнички - Скопје.

Федерацијата има својство на граѓанско правно лице.

Федерацијата дејствува и работи на територијата на Република Северна Македонија.

Член 4

Федерацијата има свој печат. Печатот има кружна форма на кој е напишан текстот: ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА-Скопје
Во средината на печатот се наоѓа знакот на Федерацијата.

Знакот на Федерацијата претставува фигура на спортисти кои симболизираат повеќе спортови.

Федерацијата има и штембил во правоаголна форма, кој го содржи истиот текст како во печатот, со број, дата и место.

Федерацијата има знаме во бела боја со знакот на Федерацијата.

Член 5

Федерацијата е член во меѓународната федерација на училишен спорт /ИСФ/ и на Сојузот на спортските федерации на Македонија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ БРОЈ 6 РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА

Член 6

Федерацијата е независна во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со Статутот а во согласност со Уставот на РСМ, Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт на РСМ

Работата на Федерацијата е јавна.

Член 7

Застапник на Федерацијата е Претседателот на Федерацијата, избран од Собранието на Федерацијата.

Член 8

Федерацијата со своето работење и дејствување врши непартиско, неполитичко како и не врши верско дејствување, согласно член 13 од Законот за здруженија и фондација (Службен весник на РСМ бр.52/2010) и член 4 од Законот за спорт на РСМ (Службен весник на РСМ бр. 29/2002).

2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 9

Целите и задачите на Федерацијата произлегуваат од Законот за спорт, Законот за образование и Законот за здруженија и фондации, а се однесуваат на:

- предлагање мерки за усогласување на развојот на спортските активности во училиштата;
- утврдување единствени критериуми и мерила за системот на натпреварите и раководење со државните натпревари во нашата држава;
- се грижи за развој на училишниот спорт;
- вклучување на учениците во спортските активности, што ќе придонесе за развојот на здравјето, работната способност и др.
- развој и соработка на училишниот спорт со други спортски асоцијации во земјата и во странство;
- работи на стручно издигнување и усовршување на своето членство по пат на организирање на разновидни облици како образовно-воспитна и стручна дејност;
- востановува разновидни награди и признанија;
- самостојно ги следи, изучува, третира и решава или пак предлага решенија за разрешување на проблемите од својата област;
- покренува иницијативи за нормативно регулирање на одделни прашања преку закони, прописи, договори и т.н.;
- соработува со училиштата и спортските здруженија;
- предлага и усогласува мерки за развој на училишниот спорт;
- обезбедува и остварува програми и превзема мерки и акции за унапредување на училишниот спорт;
- обезбедува и остварува програми и превзема мерки и акции за унапредување на училишниот спорт;
- се грижи за пропагирање на училишниот спорт;
- соработува со претпријатија, а со цел подобрување на условите за функционирање на Федерацијата;
- соработува со Федерации на училишниот спорт надвор од земјата;
- врши и други работи и задачи утврдени со овој Статут и другите акти на Федерацијата.

Член 10

Заради создавање на материјални услови за остварување на целите, интересите и активностите на Федерацијата утврдени во овој Статут, Федерацијата може да основа друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво.

Одлука за формирање донесува Собранието на Федерацијата, а регистрацијата се врши во соодветниот Централен регистар.

3. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 11

Во Федерацијата членуваат Сојузите на училишен спорт на Источен, Западен и Скопски регион и општинските организации-сојузи за училишен спорт кои се членки на Регионалните сојузи и функционираат во општините и градот Скопје на територијата на Република Северна Македонија.

Ако во некои општини има помалку од 5 (пет) училишта и училишни спортски клубови, може да се формира Одбор на училишен спорт и да членува во Регионалните сојузи и Федерацијата но без право на одлучување.

Во рамките на општинските сојузи и одбори членуваат училишни спортски клубови.

Во училишните спортски клубови членуваат ученици, училишни наставници, родители на учениците и претставници од соодветни спортски здруженија.

Училишните спортски клубови можат да формират спортски школи согласно член 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен весник на РСМ бр. 66/2004)

Организациите имаат даночни и царински олеснувања согласно со Законот.

Член 12

Членувањето во Федерацијата е на доброволна основа.

Членувањето во Федерацијата се врши со потпишување на Пристапница од страна на заинтересираното спортско здружение – регионален и општински сојуз или одбор на училишен спорт.

Членките на ФУСМ се должни со Пристапницата да достават во Федерацијата: Статут, Решение од Централен регистар на РСМ и Решение од соодветниот државен орган надлежен за работите од областа на спортот.

Одлука за прием во членство во Федерацијата донесува Собранието на Федерацијата.

Член 13

Федерацијата води регистар за членките и евиденција на членовите на органите на Федерацијата.

Податоците од став 1 на овој член, се ажурираат најмалку еднаш на две години.

Податоците од ставот 1 на овој член, се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.



4. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 14

Членовите на Федерацијата ги имаат следните права:

- ги користат сите права кои произлегуваат од актите на Федерацијата а се од интерес на нивното работење;
- учествуваат во сите активности во Федерацијата преку своите претставници;
- ги изнесуваат своите ставови и мислења пред тие да бидат усвоени од страна на собранието;
- го информираат Федерацијата за своите проблеми од финансиска, техничка и организациона природа и бараат соодветна помош;
- учествуваат во работата на органите и телата на Федерацијата
- имаат право да воспоставуваат контакти и соработка со други организации, согласно донесените одлуки на своите форуми.

Член 15

Должностите на членовите во Федерацијата се:

- да го почитуваат статутот и другите нормативни акти, како и одлуките и заклучоците на органите и телата на Федерацијата;
- да учествуваат во активностите на Федерацијата;
- соработуваат во насока на развој и унапредувањето на квалитетот и масовноста на училишниот спорт;
- врши и други работи кои се во интерес на Федерацијата и училишниот спорт;
- престанок на членството во Федерацијата носи Собранието на Федерацијата.

5. УПРАВУВАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 16

Органи на Федерацијата се:

1. Собрание,
2. Извршен одбор, и
3. Надзорен одбор



Собрание

Член 17

Собранието е највисок орган на Федерацијата.

Членови на Собранието се претставници-делегати на Сојузите на училишен спорт на Источен, Западен и Скопски регион, кои пак се составени од претставници-делегати од општинските сојузи и одбори кои функционираат на територијата на соодветниот регион, со мандат од четири години.

Собранието брои 41 член, од кои Регионалните сојузи на Источниот и Западниот регион делегираат по 13 (тринаесет) претставници-делегати од кои 12 од Меѓуопштинските натпреварувачки целини и еден од Регионалниот сојуз, а Регионалниот сојуз на Скопски регион делегира 15 (петнаесет) претставници-делегати од кои 12 од Меѓуопштинските натпреварувачки целини, еден од Регионалниот сојуз, како и по еден претставник-делегат од градските сојузи за основни училишта и за средни училишта на

град Скопје, со тоа што секој регион треба да делегира по најмалку 3 (три) претставници-делегати од женскиот пол.

Членовите на Собранието можат да бидат и други лица заслужни работници во училишниот спорт, именувани со одлуки на Собранието, а на предлог на Извршниот одбор, без право на глас.

Членовите на Собранието ги имат сите права дадени со Статутот и нормативните акти ополномоштени да учествуваат во работата на Собранието.

Член 18

Во надлежност на Собранието спаѓаат следните работи:

- усвојува програми и извештаи за рботата на Федерацијата;
- усвојува долгорочна програма за унапредување и развој на училишниот спорт;
- дава иницијативи и мислења за соработка помеѓу општинските сојузи;
- го усвојува Статутот и другите нормативни акти на Федерацијата и измени и дополненија на Статутот;
- го верифицира изборот на членовите на Извршниот одбор и Надзорниот одбор;
- избира претседател и три потпретседатели кои се претставници на трите Регионални сојузи и региони;
- врши и други работи во согласност со Статутот и нормативните акти на Федерацијата;
- ја усвојува Завршната годишна сметка на Федерацијата;
- усвојува Финансиски план на Фадерацијата.

Член 19

Собранието работи на седници.

Собранието, по правило, одржува седница најмалку еднаш годишно, а со посебна одлука може да се определи и рок пократок од една година за одржување на седница.

Седниците на Собранието ги закажува и свикува Претседателот и Извршниот одбор.

Собранието може да работи ако се присутни повеќе од половината негови членови.

По правило, Собранието своите одлуки ги донесува со гласање. Гласањето е јавно, а одлуката е полноважна и валидна ако за истата гласале повеќе од половината присутни членови на Собранието.

Член 20

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање на една третина од членовите на Федерацијата.

Вонредна седница на Собранието од ставот 1 на овој член, се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Ако во рок од 29 дена од денот на поднесувањето на барањето, претседателот не свика вонредна седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ БРОЈ 6

Извршен одбор

Член 21

Помеѓу седници на Собранието, со работата на Федерацијата раководи Извршниот одбор.

Член 22

Извршниот одбор го сочинуваат 15 членови и тоа: претседател, 3 (три) потпретседатели (по еден од трите региони) и 11 (единаесет) членови, претставници-делегати од Регионалните сојузи, меѓу кои задолжително треба да има 3 (три) членови од женскиот пол и тоа по една претставничка-делегат од секој регион.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор изнесува четири години.

Потпретседателите и членовите на Извршниот одбор се избираат од редот на членовите- претставници на Собранието, истакнати спортски работници во училишниот спорт и други лица кои финансиски ќе придонесат за развој на училишниот спорт и по предлог на претседателот.

Членовите на Извршниот одбор можат да имат свои заменици за присуство на седници.

Член 23

Извршниот одбор се состанува по потреба, а најмалку 3 пати во текот на годината.

Состаноците на Извршниот одбор ги свикува претседателот, а во негово отсуство еден од потпретседателите.

Член 24

Извршниот одбор ги врши следните работи:

- подготвува материјали за Собранието;
- ги извршува и го следи извршувањето на одлуките на Собранието;
- усвојува правилници и други нормативни акти во своја надлежност;
- предлага финансиски планови и извештаи;
- го именува и разрешува секретарот на Федерацијата;
- избира членови на комисиите, ја следи нивната работа и управува со истите;
- го запознава Собранието со резултатите од работењето;
- донесува Календари и Пропозиции за сите натпревари и се залага за нивно квалитетно реализирање;
- организира семинари, спортски кампови и други активности на полето на училишниот спорт;
- контактира со членството;
- се грижи за спроведувањето на Финансискиот план на Федерацијата

Член 25

Со состаноците по правило раководи претседателот, а во негово отсуство претседава еден од потпретседателите.

Извршниот одбор може да работи доколку се присутни повеќе од половина од членовите на извршниот одбор.

Одлуката на Извршниот одбор се донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.

Член на Извршниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

За својата работа Извршниот одбор е одговорен пред Собранието.

Член 26

Доколку има итност за донесување одлука, согласно член 3 точка 11 од Законот за здруженија и фондации (одлучување без присуство), членовите на Извршниот одбор може да се изјаснат и донесат валидна одлука без одржување на седница преку телефонска конференција или електронска пошта.

Вака донесената одлука, мора на првата наредна седница на Извршниот одбор да биде верификувана од членовите на ИО

Други органи на Федерацијата

Член 27

Извршниот одбор за пооперативна работа на Федерацијата, може да формира и други органи како постојани тела и комисии на Федерацијата и тоа:

1. Натпреварувачка комисија - 5 члена;
2. Регистрациона комисија - 3 члена;
3. Комисија за информирање и маркетинг - 3 члена;
4. Комисија за меѓународна активност - 3 члена;
5. Дисциплинска комисија – 3 члена;
6. Комисија за издавачка дејност - 3 члена;
7. Комисија за стручно усовршување и спортски камп - 3 члена;
8. Судиска комисија - 3 члена;
9. Сектор за масовен училишен спорт - 8 члена.
10. Комисија за супервизија на државните натпревари и лига систем

Извршниот одбор по потреба со посебна одлука може да формира и други работни тела.

Комисиите во текот на своето работење ги користат одлуките на Собранието и Извршниот одбор, а во рамките на Статутот и другите нормативни акти на Федерацијата.

Комисиите имаат свој претседател и членови кои ги избира Извршниот одбор, со мандат од четири години.

Член 28

За одредени потреби Извршниот одбор може да формира и повремени комисии, според потребите. Извршниот одбор може да формира и Организационен одбор кој ќе се грижи за реализацијата на поголеми спортски манифестации /Државни спортски игри/.

Должностите на Организациониот одбор се точно дефинирани според намената на неговото формирање.

Надзорен одбор

Член 29

Надзорниот одбор се состои од претседател и двајца членови, избрани од страна на Собранието. Надзорниот одбор работи на посебни состаноци и се грижи за исправноста во работењето на Федерацијата.

Член 30

Надзорниот одбор особено ги врши следните работи:

- контрола на спроведување на законитоста во работењето на Федерацијата;

- контрола на остварувањето на утврдената финансиска политика и Финансискиот план на Федерацијата;
- контрола во спроведувањето на овој Статут и другите општи акти на Федерацијата, како и во спроведување на одлуките на Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата;
- предлага мерки за спроведување и отстранување на неправилностите во работењето на Федерацијата;

Член 31

За своето работење Надзорниот одбор е одговорен пред Собранието на Федерацијата.

Надзорниот одбор за наодите и воочените неправилности поднесува извештај и го известува Собранието на Федерацијата.

Ако неправилностите правовремено не бидат отстранети, должен е за тоа да го извести надлежниот орган на општествената контрола и органот на државната управа надлежен за спортот.

Член 32

Собранието, Извршниот одбор и Стручната служба на Федерацијата, должни се на Надзорниот одбор и Инспектор од Агенцијата за млади и спорт на РСМ да му ги стават на располагање сите документи и податоци и да создадат услови за непречен увид во целокупната документација на Федерацијата.

Член 33

Членовите на Федерацијата имаат право да бараат замена на било кој член на органите и телата на Федерацијата, доколку истиот не работи во согласност со Статутот и другите нормативни акти на Федерацијата како и во интерес на училишниот спорт.

З а с т а п н и к

Член 34

Застапник на Федерацијата е Претседателот на Федерацијата избран од редовите на Собранието со мандат од 4 (четири) години со можност за повторен избор, но не повеќе од два мандати последователно, а истиот може да биде повторно избран по истекот на временскиот период од најмалку еден полн мандат.

Членовите на органот на управување и секретарот не смее да се во роднинска врска по сите линии до втор степен со Претседателот на Федерацијата, ниту пак, нивни компании да се капитално или управувачки поврзани.

Претседателот како застапник на Федерацијата:

- раководи и ја претставува и застапува Федерацијата на училишен спорт на Македонија;
- во своето работење се раководи од нормативните акти на Федерацијата, одлуките на Собранието и Извршниот одбор како и другите акти;
- одговорен е за материјално-финансовото работење на Федерацијата;
- се грижи за реализација на усвоените програми за работа и финансиски планови на ФУСМ Федерацијата;
- ја координира работата на органите и телата како и стручната служба на ФУСМ Федерацијата;
- ги свикува и раководи со седниците на Собранието и Извршниот одбор и ги потпишува актите и одлуките донесени на седниците.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ БРОЈ 6

За своето работење, Претседателот е одговорен пред Извршниот одбор и Собранието на Федерацијата;

Доколку во моментот на престанување на мандатот на Претседателот, сметката на Федерацијата е блокирана најмалку 30 (триесет) дена, Претседателот чиј мандат престанува не може да биде повторно избран.

С е к р е т а р

Член 35

Федерацијата има Секретар со професионален статус.

Секретарот на Федерацијата е професионално вработено лице кое го именува Извршниот одбор, согласно утврдените критериуми во посебна одлука што ја носи Извршниот одбор.

Во посебна одлука за секретарот, особено се содржи: да има висока стручна наобразба од областа на спортот, да ја познава работата на училишниот спорт, да има најмалку 5 години работно искуство.

Секретарот е одговорен за својата работа пред Извршниот одбор и Собранието.

Секретарот е раководител на Стручната служба.

Член 36

Во работните надлежности на секретарот се:

- грижа за реализација на одлуките и заклучоците донесени од органите на Федерацијата;
- изготвува материјали за Извршниот одбор и Собранието на Федерацијата;
- изготвува програма за работа на Федерацијата;
- изготвува генерален извештај за сите активности на Федерацијата;
- одговорен е за правилна примена на прописите и актите;
- одговорен е за извршување на финансискиот план;
- раководи со Стручната служба и ја координира нејзината работа;
- во согласност со прописите предлага решенија за поставување и разрешување на работниците во стручната служба и нивна промена на работни места;
- предлага решенија за плати и за користење на одмори;
- врши и други работи од негова надлежност предвидени со Деловниците за работа на Собранието и на Извршниот одбор.

Член 37

Секретарот може да биде разрешен од должноста и пред истекот на времетраењето на мандатот за кое е избран:

- ако поднесе писмено барање за разрешување;
- заради несовесно вршење на својата должност го оневозможува вршењето на основните задачи и дејности на Федерацијата;
- и во други случаи предвидени со Законот за работни односи.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ БРОЈ 6 РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА

6. СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 38

Стручните, организационите и административно-техничките работи на Федерацијата ги врши Стручната служба на Федерацијата.

Материјално-финансиските работи и се доверуваат на Стручната служба на Сојузот на спортските федерации на Македонија.

Во Стручната служба на Федерацијата вработени се стручни оперативно-технички лица за извршување на организациони, стручни и административно-технички работи за Федерацијата и трите Регионални сојузи на Скопски, Источен и Западен регион според шемата на организацијата на Федерацијата.

Извршниот одбор на Федерацијата донесува систематизација за Стручната служба за работни места и опис и попис на работни задачи.

Прием на работници во Стручната служба се врши во согласност со Законот за работни односи и овој Статут.

7. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ

Член 39

При организација на натпревари Федерацијата ќе се придржува и ќе ги применува правилата на соодветните државните спортски федерации и меѓународните правила на соодветните федерации.

Во одредени спортски игри и дисциплини, Федерацијата може да изврши одредена модификација на правилата и пропозициите за натпреварување за соодветниот спорт, во зависност од условите и можностите за натпреварување.

8. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

Член 40

Статус на натпреварувачи на училишните спортски натпревари имаат сите ученици и ученички од основните и средните училишта во Република Северна Македонија.

Идентитетот на натпреварувач се докажува со унифицирана членска и натпреварувачка книшка издадена од Федерацијата.

Член 41

Унифицираната членска и натпреварувачка книшка содржи:
-име, татково име и презиме на ученикот, ден, месец и година на раѓање, регистарски број, место за фотографија, своерачен потпис, име на училиштето, учебна година, одделение-година во која учи и печат на училиштето.

Член 42

Репрезентациите по соодветните спортски дисциплини и категории (основни-машки и женски, средни-машки и женски), ќе ги претставуваат оние спортисти кои постигнуваат најдобри резултати. Репрезентативците можат да ја претставуваат Република Северна Македонија и во странство.

Чест и должност на секој селектиран спортист е да ја репрезентира својата земја на најдобар можен начин.

Федерацијата е одговорна за навремени и квалитетни подготовки на училишните репрезентации.

9. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 43

Федерацијата е непрофитна спортска организација.

Финансирањето на Федерацијата се заснова врз годишната програма за работа. За реализација на финансиската програма, одговорни се претседателот и секретарот на Федерацијата.

Член 44

Финансирањето на Федерацијата се регулира преку:

- финансирање од страна на државниот орган надлежен за работите на спортот;
- од образованието;
- надоместоци за спорт утврдени во Законот за игри на среќа;
- ваучери според Законот за данокот на добивка;
- донации од правни и физички лица;
- сопствените приходи; и
- други извори.

Член 45

Финансирањето на Федерацијата се врши согласно финансискиот план и програма на Федерацијата, кои ги донесува Собранието на Федерацијата.

Во одредени ситуации и потреба, измени и дополнувања на годишниот финансиски план на Федерацијата, може да врши Извршниот одбор со посебна одлука.

Материјално-финансиското работење се реализира согласно законските прописи.

Член 46

Федерацијата со посебна одлука може да одлучи да се формира Маркетинг служба при Федерацијата. Маркетинг службата се организира за унапредување на училишниот спорт и програмските определби.

Средствата ќе се користат врз основа на посебен Правилник.

Член 47

Федерацијата се грижи за обезбедување на дополнителни средства преку спонзори и донатори. За обезбедување на спонзори, донатори и сл., се грижи Извршниот одбор, претседателот и генералниот секретар на Федерацијата. Финансиските средства добиени на тој начин се составен дел на Програмата на Федерацијата.

Член 48

Федерацијата одговара за своите обврски со целиот имот и средства.

Членовите на органите на Федерацијата одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Федерацијата, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Федерацијата како правно лице за да им нанесат штета на Федерацијата и своите доверители.

Членовите на органите на Федерацијата и нивните застапници по закон се одговорни солидарно за штетата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаи кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење во записник или ако не учествувале во одлучувањето.

Барање за надоместок на штета поднесува Извршниот одбор, а одлука за надомест на штета донесува Собранието на Федерацијата.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ БРОЈ 6 РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА

10. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 49

Работата на Федерацијата е јавна.

Јавноста во работењето на Федерацијата се остварува преку транспарентно објавување на ВЕБ сајтот на Федерацијата на Статутот и другите акти на Федерацијата, како и годишните програми и извештаи за работа. Претседателот на Федерацијата е одговорен за јавното презентирање на сите превземени активности на Федерацијата.

Член 50

Јавноста во работата на Федерацијата се остварува и преку:

- навремено доставување на материјали за расправа на членовите на органите на Федерацијата и други заинтересирани и повикани организации; известување на средствата за јавно информирање и други гласила со содржината на прашањата по кои ќе се расправа на седници на органите на Федерацијата;
- известување на граѓаните за работата и функционирањето на Федерацијата преку средствата за јавно информирање;
- известување за поодделни значајни работи од работењето на Федерацијата преку свикување на конференција за печат;
- објавување на информации за активностите на Федерацијата и членките на Федерацијата на ВЕБ страната и Фејсбук страната на Федерацијата;
- и на друг соодветен начин.

Член 51

Федерацијата за публикување и објавување на материјали од неговите надлежности издава Билтен.

Федерацијата може да издава и други стручни публикации, брошури и други изданија од областа на училишниот спорт.

11. ПРЕСТАНОК И ЗАБРАНА НА ПОСТОЕЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 52

Федерацијата престанува да постои ако е:

- донесена одлука за престанок на Собранието со 2/3 мнозинство,
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието утврдено со статутот, а таа не е одржана;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка на Федерацијата согласно со законските прописи;
- статусна измена која предвидува престанок на Федерацијата;
- донесена одлука на надлежен суд;
- бројот на членките на Федерацијата се намали под бројот определен за основање на Федерацијата

Претседателот на Федерацијата е должен за настанатите околности од овој член, да го извести Централниот регистар, во рок од 15 дена од сознавањето на истите.

Член 53

Се забранува работата на Федерацијата, ако:

- нејзиното работење е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија;
- поттикнување и повикување на воена агресија и активности поврзани со тероризам;
- разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;
- се повредуваат слободите и правата на други лица;
- превзема активности кои се спротивни на Уставот или законите на РСМ.

Член 54

Со одлука на Собранието на Федерацијата за престанок на работата на Федерацијата како и Решение за забрана за работата на Федерацијата, имотот и средствата на Федерацијата со подмирување на обврските, ќе му припадне на соодветниот државен орган надлежен за работите на спортот.

12. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 55

За постигнати резултати и успеси во развојот и унапредувањето на училишниот спорт како и по повод годишнини и јубилеи, Федерацијата доделува награди и признанија во вид на благодарници и плакети на општински сојузи, училишни спортски клубови и поединци, како и на стопански и други организации кои го потпомогнале развојот на училишниот спорт.

Наградите и признанијата се доделуваат со посебна одлука на Извршниот одбор на Федерацијата.

13. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 56

Измени и дополнување на овој Статут донесува Собранието на Федерацијата, се вршат на начин и по постапка која се применува за негово донесување.

Во случај на позначајни измени и дополнување на Статутот на Федерацијата и други измени предвидени со закон, Федерацијата во рок од 30 дена од денот на донесувањето на измените и дополнувањето на Статутот на Федерацијата и други измени предвидени со закон, да го извести Централниот регистар заради запишување на измените.

Член 57

Регионалните и Општинските сојузи на училишен спорт се должни своите нормативни акти да ги усогласат со овој Статут во рок од 6 (шест) месеци по неговото усвојување.

Член 58

Собранието на Федерацијата е единствено надлежно да го толкува овој Статут, а во итни случаи толкување може да дава и Извршниот одбор на Федерацијата.

ЦЕНТАР ЗА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИЈА СКОПЈЕ БРОЈ 6 * РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 59

Овој Статут стапува во сила со денот на неговото донесување.

Член 60

Со влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Федерацијата на училишен спорт на Македонија донесен на седницата на Собранието на Федерацијата одржана на 29.03.2017 година.

СОБРАНИЕ НА ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА
П р е т с е д а т е л,
Проф.Д-р.АЛЕКСАНДАР ТУФЕКЧИЕВСКИ